Република Македонија

**Влада на Република Македонија**

[redacted]

**Министерство за труд и социјална политика**

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 10-6849/2
9.10.2017 год.
Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106 212
(02) 3 106 214
Сајт:www.mtsp.gov.mk

**До:** Асоцијација за чиста животна средина „Ајде Македонија"

**Предмет:** Одговор по доставен предлог

***Почитувани,***

Согласно доставен допис од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија – Одделение за соработка со невладини организации, Министерството за труд и социјална политика со должно внимание ги разгледа доставените предлог препораки за програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година кои се однесуваат на законско овозможување на донирањето на вишокот на храна, со целокупната документација во прилог, по однос на што Ве известува следново:

Во насока на подобрување на квалитетот на живот и намалување на последиците од недостаток на храна на старите изнемоштени, како и возрасни лица и семејства во социјален ризик, Министерството за труд и социјална политика во соработка со единиците на локалната самоуправа и општинските јавни установи има отворено 50 народни кујни на територијата на Република Македонија, во рамки на кои се опфатени околу 3500 корисници кои имаат можност да ја користат услугата за добивање на еден дневен топол оброк. Имајќи предвид дека реализација на овој проект е започната и континуирано се имплементира од 2007 година, Министерството за труд и социјална политика иницираше активности за анализа на успешноста на овој начин на имплементација на проектот, како и испитување на потребите во насока на измена и подобрување на начинот на обезбедување на храна за најранливите категории на граѓани.

Истовремено, претставници на Министерството за труд и социјална политика, кои во рамки на своите работни задачи се засегнати со реализацијата и следењето на проектот Народни кујни активно се вклучија во работната група формирана од страна на Асоцијација за чиста животна средина „Ајде Македонија", во насока на изнаоѓање на соодветно законско решение за обезбедување на храна за ранливите категории на граѓани преку донирање на употребливата храна наместо

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

[redacted]

нејзино депонирање, при што целта е донираната храна безбедно да стигне до крајните корисници.

Имајќи предвид дека иницијативата на Асоцијација за чиста животна средина „Ајде Македонија“ опфаќа голем број мерки во насока на намалување на отпадот од храна и поттикнување на донирање на употребливата храна кои се однесуваат на даночни олеснувања и безбедност на храната, би требало да се нагласи дека во целокупниот процес улогата на Министерството за труд и социјална политика кое е надлежно за социјална превенција и социјална заштита на граѓаните, се однесува на развивање и поддршка на модели за ефикасен трансфер на донираната храна која е безбедна за консумирање до крајните корисници, односно до најранливите категории на граѓани.

Во оваа насока, Министерството за труд и социјална политика ќе продолжи да презема мерки насочени кон подобрување на состојбите и создавање на услови за квалитетен живот на сите граѓани на Република Македонија, во соработка со релевантните органи и институции, како и граѓански здруженија и социјални партнери кои третираат прашања од областа на социјалната заштита и вклучување.

*Со почит,*

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
Бр. 04-3733/1 од 20.06.2017
Раководител на сектор за социјална заштита
Зихра Мемети

Изготвил: М.Коцевска
Контролирал:м-р. Л.Штерјов
Одобрил:С.Спасовска
Согласен: А. Муча